Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за поддршка на претприемништвото на
Република Северна Македонија Скопје
Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së
Republikës së Maqedonisë së Veriut Shkup
Број / Numër 03-305/1
20.05. 2020 година / viti

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

# (2019 година)

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка и Сектор за институционална поддршка,меѓународна соработка и развој на програми

**Вид на програмата**

☐ Хоризонтална

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**
Во точка 2.6 од Стратегијата за родова еднаквост се истакнува дека економското јакнење претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација; промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата.

До сега се спроведени повеќе проекти од областа на пазарот на трудот и еднаквите можности во насока на поддршка, односно поттикнување на женското претприемништво, преку програмски активности и предвидени стратешки цели и активности во сродни национални документи и оперативни планови , со што е направен напредок на состојбата со вклучување на жените во категоријата на самовработени. Сепак, останува предизвикот многу повеќе да се работи во оваа област во насока на зголемување на стапката на вработеност кај жените.

Со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година, опфатени се програмски мерки и активности кои имаат за цел промоција и поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, зголемување на конкурентноста на постојните претпријатија и генерирање на нови работни места. За реализацијата на програмските активности Агенцијата поднесува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.Со програмските активности се опфатени повеќе целни групи и за повеќето од нив во 2019 година се води родово разделена статистика (малите и средни претпријатија управувани од жени претприемачи , жени потенцијалните претприемачи , наставници и професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис , средношколци и студенти , локални консултанти и други целни групи).

## 2. Вовед

Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2016-2019 година за прв пат се предвидени аутпут индикатори за 2016- 2019 година година и тоа:
1.воведување на родоворазделена статистика за корисниците на ваучерскиот систем на советување
2.најмалку 6 ваучери издадени за жени корисници на ваучерскиот систем на советување
3.проментa веб страна на АППРМ со акцент на женско претприемништво
Во 2017 година РБП ќе биде вклучено во програмската активност – Инфо пулт.
Во 2018 година РБП ќе биде вклучено во програмската активност – Поддршка за женско претприемништво.
Согласно буџетската изјава за периодот 2016-2019 година, АППРСМ го инкорпорираше принципот на еднакви можности во програмската активност – Ваучерски систем на советување во Годишната програма за 2016, 2017, 2018 и 2019 година , предвидувајќи како посебна мерка- зголемување на бројот на жени корисници во ваучерскиот систем на советување , унапредување на системот за прибирање на податоци со родово разделени податоци и подобрена промоција на женското претприемништво преку обуки.

## 3. Позадина/контекст

Мерките и активностите предвидени во годишната програма на Агенцијата имаат за цел:
-Подигнување на свеста и знаењето за претприемништвото, градење на претприемачка култура и зајакнување на претприемачкото образование кај младите луѓе (средношколци и студенти) .
-Промоција на женското претприемништво како мотор за генерирање на нови работни места преку организирање на обуки кои треба да вклучуваат различни теми за подигање на нивото на конкурентост кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и едукација на потенцијални жени претприемачи.
-Јакнење на капацитетите и вештините на локалните консултанти со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар.
-Подигање на свеста за спроведување на општествено одговорни практики и покажување на интерес за подобро функционирање во насока на промоција на општествената одговорност и концептот за социјалното претприемништво.
-Спроведување на обуки за малите и средните претпријатија , со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените.
-Учество во регионални проекти од областа на претприемништвото и размена на искуствата со земјите од Западен Балкан.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

**1.Ваучерски систем на советување**
Од вкупно реализирани 56 ваучери за 36 клиенти состојбата според целни групи односно МСП и невработени лица кој основале бизнис според половата структура е следна:
-Во 2019 година од вкупно 36 клиенти корисници на ваучер, 13 ваучери или 36% се издадени на жени претприемачи.

**2.Воспоставување на стандардизирани менторски услуги**
Во рамките на оваа програмска активност од вкупно 13 обучени ментори во 2019 година, 6 се жени, а од 28 менторирани мали и средни претпријатија, 14 менторирани се управувани од жени претприемачи.

**3.Претприемачко образование**
На обуките за претприемачко образование земаа учество вкупно 145 слушатели од Тетово, Штип, Кочани, Битола и Скопје меѓу кои 63% средношколци, 37 % студенти. Родовата структура броеше 52% женски и 48% машки лица.

**4. Организирање на обуки за подготовка на бизнис план**
Во рамките на оваа активност беа реализирани осум еднодневни обуки на различни теми за подготовка на бизнис план за 216 ученици и студенти, од кои 119 мажи, 97 жени.

**5. Организирање на обуки за локални консултанти**
Во рамките на оваа програмска активност беа одржани вкупно три обуки за консултанти и тоа во следните градови: Скопје, Струмица и Куманово .
На обуките во Скопје, Струмица и Куманово присуствуваа вкупно 83 лица и тоа: Мажи 38,55%; Жени 61,45%;

**6. Организирање на обуки за зголемување на конкурентноста на МСП**
На обуките земаа учество 101 слушатели од Тетово, Куманово, Битола и Скопје. Родовата структура броеше 58% женски и 42% машки лица.

**7. Промоција на општествена одговорност и социјалното претприемништво**
Во рамки на оваа програмска активност беа организирани две обуки и тоа во Скопје и Битола на кои присуствуваа 44 учесници, 28 жени и 16 мажи, претприемачи од мали и средни претпријатија, како и млади луѓе кои имаат во план да стартуваат со свои бизниси од територијата на Скопје и Битола.

**8.Поддршка на женско претприемништво**
Во рамките на оваа програмска активност се одржаа две обуки, и тоа во градовите Велес и Охрид, на кои присуствуваа 40 жени учеснички.

.

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Средствата за реализација на програмските активности се обезбедени од Буџетот на Република Македонија во износ од 4.000.000,00 денари во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2019 година, (објавена во Службен весник на РМ бр. 5 од 11 јануари 2019 година).

**1.Ваучерски систем на советување**

Од вкупно реализирани 56 ваучери за 36 клиенти, состојбата според целни групи односно МСП и невработени лица кои основале бизнис според полова структура е следна:

Издадени ваучери за мажи и жени во 2019 година:

| ИЗДАДЕНИ ВАУЧЕРИ | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 32 | 24 |
| | |
| ИЗНОСИ ВСС (МКД) | |
| Мажи | Жени |
| 537.948,00 | 266.166,00 |
| | |
| ИЗНОСИ ВО ВСС ЖЕНИ (МКД) | |
| САМОВРАБОТУВАЊЕ | МСП |
| 132.516,00 | 133.650,00 |

Од вкупно 36 клиенти корисници на ваучер, 13 ваучери или 36% се издадени на жени.

**2.Стандардизирани менторски услуги**

Во рамките на оваа програмска активност од вкупно 6 обучени ментори во 2019 година, 3 се жени, а од 28 менторирани мали и средни претпријатија, 14 менторирани претпријатија се управувани од жени претприемачи.

Ова значи дека за менторирање на мали и средни претпријатија кои се управувани од жени претприемачи вкупно се потрошени средства во износ 434.000,00 денари.

3.За програмската активност – **Поддршка на женско претприемништво** во 2019 година одржани се две обуки во градовите Охрид и Велес, со вкупно 40 учеснички на семинарот и за оваа намена се потрошени 121.000,00 денари од Буџетот на АППРСМ наменет за програмски активности.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2016-2019 година за прв пат се предвидени аутпут индикатори за 2016- 2019 година година и тоа:
1.воведување на родоворазделена статистика за корисниците на ваучерскиот систем на советување
2.најмалку 6 ваучери издадени за жени корисници на ваучерскиот систем на советување
3.промента веб страна на АППРСМ со акцент на женско претприемништво
Во 2017 година РБП ќе биде вклучено во програмската активност – Инфо пулт.

Во 2018 година РБП ќе биде вклучено во програмската активност – Поддршка за женско претприемништво.

Во однос на ваучерскиот систем на советување имаме конкретни податоци и родово разделени статистики во 2016, 2017 , 2018 и 2019 година и увид во планирани и потрошени средства од страна на жени корисници.

Иако планиравме родовото буџетирање да биде вклучено во програмската активност Инфо пулт во 2017 година, не успеавме да го воведеме заради спецификите на оваа програмска активност и начинот на нејзината реализација.

Планиравме и промена на веб страната и поголема промоција на женското претприемништво но до промена на веб страната дојде дури на крајот на 2018 година, која повторно ја редизајниравме во 2019 година.Останува да работиме на промоцијата на женското претприемништво во 2020 година преку веб страна и преку фб страната.
Во 2019 година успеавме да добиеме родово разделени статистики во поголемиот број на програмски активности, но сеуште не сме извршиле анализа на специфични трошоци за жени како учесници на овие обуки.
Во 2019 година остварена е соработка со неколку невладини организации на проекти:
- Потпишан е Меморандум за соработка со невладината организација Хера во однос на проценка на капацитетите и потребите на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво, обуки за еко-системот на социјални претпријатија во Република Северна Македонија и за модели на социјални претпријатија.
- Исто така потпишан е меморандум за соработка во Проект за развој на микро-претпријатија на жени во прекуграничната област со Центарот за управување со промени (ЦУП) кој предвидува настани на кои ќе се организираат бизнис средби и средба за вмрежување помеѓу жените од Полог и Елбасан.

## 7. Заклучоци и препораки

АППРСМ работи на унапредување на концептот за родово буџетирање во рамките на својата Годишна програма и работиме на негово постепено воведување во сите програмски активности.

Одобрил: